# ДОКУМЕНТ СО КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

## НАМЕНА

Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик и има за цел да Ви помогне во разбирање на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби од овој производ и да Ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **Производ** | **ГРАВЕ ИНВЕСТ**<br>Осигурување на живот во случај на смрт и доживување поврзано со инвестицискиот фонд **ГРАВЕ ГЛОБАЛ** (9100000000032) и **ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО** (9100000000253), управувани од Друштво за управување со инвестициски фондови (ДУИФ) ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје |
| **Друштво за осигурување на живот (Осигурител)** | **ГРАВЕ осигурување АД Скопје**,<br>Пиринска бр.23, 1000 Скопје, тел: 02/3109-673, https://www.grawe.mk/kontakt-main/ |
| **Надлежен орган за супервизија** | **Агенција за супервизија на осигурување (АСО)**,<br>ул. Македонија бр.25, Палата Лазар Поп Трајков, кат 5, тел: 02/3254-050, https://aso.mk/ |
| **Датум на документот** | 5.2.2025 година |

## II. КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОВОЈ ОСИГУРИТЕЛЕН ПРОИЗВОД?

***Опис на осигурувањето:*** Осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови во случај на смрт и доживување, кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик.

***Цели и начин на остварување на тие цели:*** Долгорочно вложување (од најмалку 10 до најмногу 45 години) со осигурително покритие во случај на смрт, кое нуди можност за остварување на добивка односно принос на вложените средства поврзани со вредноста на уделот во инвестицискиот фондот. Најголем дел од Вашата премија се користи за вложување, а дел од премијата се користи за покривање на трошоците. Осигурителот ги вложува Вашите средства во инвестицискиот фонд ГРАВЕ ГЛОБАЛ со кој управува ДУИФ ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје. Во последните 5 години Осигурителот постепено ги префрла постојните средства во инвестициски фонд со помал ризик на инвестирање ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО, управуван од истото друштво (доколку не се откажете од оваа можност).

Инвестициска цел на фондовите е остварување на адекватен принос за сопствениците на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделите на долг временски период. Растот на цените на уделите во овој инвестициски фонд оди во Ваша корист, но Вие го сносите и ризикот од паѓање на цената на уделите. Средствата на фондот ГРАВЕ ГЛОБАЛ ќе бидат инвестирани во UCITS фондовите управувани од “Security Kapitalanlage AG (Security KAG)” кој е дел од групацијата GRAWE Group со седиште во Грац, Австрија; други фондови (ETF’s); акции и/или удели во инвестициски фондови; како и депозити во Р.С. Македонија и пари на сметка. Подетални информации околу основните финансиски инструменти во кои се инвестираат средствата може да најдете во ,,Документ со Клучни информации за инвеститорот” (https://www.wvpfondovi.mk/mk/grawe-global/#dokumenti). Поголем дел од средствата на фондот ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО ќе бидат инвестирани во должнички хартии од вредност со фиксен принос и во депозити на овластени банки во Р. С. Македонија, додека мал дел може да бидат инвестирани во инвестициски фондови со иста или слична стратегија на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на Р.С. Македонија и земји членки од ЕУ, ОЕЦД и ЦЕФТА. Подетални информации околу основните финансиски инструменти во кои се инвестираат средствата може да најдете во ,,Документ со Клучни информации за инвеститорот” (Граве Флекс Бонд Евро - WVP Fund Management (wvpfondovi.mk).

***Таргет група***: Производот е наменет за лица на возраст од 15 до 65 години (најмногу 81 при истек) кои се заинтересирани за долгорочно вложување, со истовремено осигурително покритие во случај на смрт. Овој производ нуди и покритие за деца. Производот е соодветен за Вас доколку сте подготвени да го превземете ризикот од вложување на средствата во инвестициски фонд и евентуални инвестициски загуби, со оглед на тоа дека Вие го сносите ризикот доколку вредноста на вложените средства опаѓа соодветно на движењето на цената на уделот. Едновремено, доколку цената на уделот расте имате можност за остварување добивка односно пораст на вложените средства. Сите стекнати удели од вложувањата се евидентираат на Ваша инвестициска сметка. Паричната вредност на инвестициската сметка е еднаква на бројот на удели на сметката по вредноста на уделите на инвестицискиот фонд. Неопходно е познавање за концептот на вложување во инвестициски фондови, додека искуство не е потребно. Производот не е наменет за Вас доколку очекувате загарантиран износ на исплата во случај на истек или откуп на договорот за осигурување.

***Користи и трошоци од осигурителни-от производ:*** Овој производ нуди осигурителна заштита со потенцијална можност за добивка во случај на пораст на цената на уделите на инвестицискиот фонд до истек на договорот. Придобивки од овој производ се: надомест од осигурување во случај на истек на договорот за осигурување (доживување) и гарантиран минимален износ во случај на смрт, како и исплата на откупна вредност во случај на откуп на договорот за осигурување (предвремено раскинување). Висината на надоместот од осигурување во случај на истек на договорот и откупната вредност зависат од вредноста на уделите во инвестицискиот фонд. Висината на на надоместот од осигурување во случај на смрт зависи од избраниот минимален гарантиран износ во случај на смрт и од вредноста на уделите во инвестицискиот фонд, при што се исплаќа поголемата вредност. Вредноста на овие придобивки е претставена во делот *Кои се ризиците и очекувања од производот?*

Вредностите во овој документ се прикажани за пример за осигуреник, маж со пристапна старост 40 години, траење на осигурување 25 години, уплата на 25 годишни премии во висина од 1.000 Евра (вкупно 25.000 Евра) и минимален гарантиран износ за случај на смрт 10% од Збирот на премиите. Збирот на премиите во текот на времетраењето на договорот се состои од следните компоненти: премија за вложување 88,89%, ризико премија 0,19% и премија за трошоци за спроведување на осигурувањето 10,92%. Детали за трошоците се претставени во делот *Кои и колкави се трошоците поврзани со производот?* За овој пример вкупната ризико премија изнесува 47 евра за цело траење на осигурувањето. За друг пример можно е да има разлика во висината на реалните трошоци за ризико премијата, која зависи од пристапната старост и полот на осигуреникот, гарантираниот износ за смрт, како и од движењето на средствата на инвестициската сметка бидејќи истата се наплаќа од инвестициската сметка.

Времетраењето на договорот за осигурување се утврдува на почетокот при склучување на договорот и може да биде од 10 до 45 години. Договорот престанува да важи во случај на настапување на смрт на осигуреникот, а најдоцна по истек на договорот. Осигурителот има право на еднострано раскинување на договорот ако договарачот на осигурувањето направил неточна пријава или пропуштил да даде должна информација; ако средствата на инвестициската сметка на договарачот на осигурувањето бидат во целост потрошени пред истек на договорот (во случај на намалување на вредноста на уделите во инвестицискиот фонд, односно во случај на капитализација на договорот); ако договарачот не го плати достасаниот износ на премија во рок од 30 дена по приемот на препорачаното писмо и ако тоа не го стори друго заинтересирано лице (во случај да не се исполнети условите за капитализација на договорот).

Со цел обезбедување на заштедените средства во инвестицискиот фонд и намалување на ризикот од инвестирање, 5 години пред календарската година на планираното завршување на договорот Осигурителот врши автоматско префрлање на постојните средства од ГРАВЕ ГЛОБАЛ фондот во ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО кој има помал ризик на инвестирање, но и понизок принос. Вие имате право да се откажете од ова префрлање и да нема промени на фондот во кој се прават инвестициите. Откажувањето се прави преку известување на Осигурителот од страна на Договарачот по писмен пат најдоцна шест години пред договореното завршување на договорот. За префрлувањата на средствата во друг фонд во рамките на управувањето со истекот не настануваат дополнителни трошоци.

## III. КОИ СЕ РИЗИЦИТЕ И ОЧЕКУВАЊАТА ОД ПРОИЗВОДОТ?

***Показател на ризик ГРАВЕ ГЛОБАЛ***

*Индикатор на синтетички ризик и принос, односно ризична класа на инвестицискиот фонд*




Индикаторот за синтетички ризик и принос пресметан врз основа на волатилноста на цената на уделот на фондот, во согласност со методологијата на Комисија за хартии од вредност со датум 31.1.2025 е во ризична класа **6**.

***ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО***




Индикаторот за синтетички ризик и принос пресметан врз основа на волатилноста на цената на уделот на фондот, во согласност со методологијата на Комисија за хартии од вредност со датум 31.1.2025 е во ризична класа **3**.

Ризична класа 6 значи дека фондот Граве Глобал содржи високо ниво на ризик, кое е повисоко од ризикот карактеристичен за паричните фондови или пак за фондовите кои инвестираат исклучиво во должнички хартии од вредност (обврзници), но во исто време е понизок од ризикот на оние фондови кои исклучиво инвестираат во акции од mid-cap, smallcap или start up компании. Ризична класа 3 значи дека фондот во ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО има пониско ниво на ризик, со помал принос. Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател на идниот профил на ризичност на фондот. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека истите ќе останат непроменети, односно категоријата на ризик може да се промени со текот на времето. Најниската категорија не значи дека инвестирањето е без ризик. Дополнителни информации околу видовите на ризици кои директно или индиректно влијаат врз работењето на фондот, а не се опфатени на соодветен начин со синтетичкиот ризик можете да погледнете во документот ,,Клучни информации за инвеститорот" и проспектот на инвестицискиот фонд.

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Бидејќи инвестицискиот фонд во своето портфолио поседува инструменти диверсифицирани во различни валути, можните флуктуации на девизните курсеви за овие валути може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Надоместот од осигурување ќе биде исплатен во денари. Инвестирањето на средствата во инвестицискиските фондови се врши согласно инвестициската стратегија на фондот. Успешноста на договорот за осигурување зависи од движењето на вредноста на уделот на ивестицискиот фонд. Намалувањето или зголемувањето на вредноста на уделот на фондот директно влијае на вредноста на договорот за осигурување. Податоци за движењето на вредноста на уделите на фондот може да најдете на интернет страница за ГРАВЕ ГЛОБАЛ (https://www.wvpfondovi.mk/mk/grawe-global/) т.е. за ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО (Граве Флекс Бонд Евро - WVP Fund Management (wvpfondovi.mk)). Треба да бидете свесни дека со вложување во инвестицискиот фонд преземате определени инвестициски ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. цената на уделот може да расте или опаѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантиран. Овој производ не вклучува никаква заштита од идните движења на пазарот, што значи дека е можно Вашата инвестиција да биде делумно или целосно изгубена во зависност од остварените приноси на фондот и цената на уделите на фондот, ако се има предвид дека истата не е заштитена со гарантен фонд.

Доколку осигурителниот производ не се чува до доспевање осигуреникот сноси ризик износот кој ќе го добие назад да е помал од платените премии. Имено, во случај на предвремено раскинување на осигурителниот договор т.е. откуп, осигуреникот може да биде во загуба, бидејќи откупната вредност не соодветствува со износот на платените премии, туку е еднаква на паричната вредност на инвестициската сметка намалена за надомест за откуп.

Очекувањата од производот за горенаведениот пример (1.000 Евра годишна премија, траење 25 години, минимален гарантиран износ за случај на смрт 10% од Збирот на премиите), изнесуваат:

| **Очекуван принос на инвестицискиот фонд: 0%** | | | | | **Очекуван принос на инвестицискиот фонд: -2%** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доживување | Откупна вредност | Исплата во случај на смрт | Акумулирана уплатена премија | | Доживување | Откупна вредност | Исплата во случај на смрт | Акумулирана уплатена премија |
| По истек на 1 година | / | / | 2.500 € | 1.000 € | По истек на 1 година | / | / | 2.500 € | 1.000 € |
| По истек на 10 година | / | 7.893 € | 8.262 € | 10.000 € | По истек на 10 година | / | 7.151 € | 7.498 € | 10.000 € |
| По доспевање на договор | 22.222 € | / | / | 25.000 € | По доспевање на договор | 17.473 € | / | / | 25.000 € |
| **Очекуван принос на инвестицискиот фонд: 5,2%** | | | | | **Очекуван принос на инвестицискиот фонд: 6,1%** | | | | |
| | Доживување | Откупна вредност | Исплата во случај на смрт | Акумулирана уплатена премија | | Доживување | Откупна вредност | Исплата во случај на смрт | Акумулирана уплатена премија |
| По истек на 1 година | / | / | 2.500 € | 1.000 € | По истек на 1 година | / | / | 2.500 € | 1.000 € |
| По истек на 10 година | / | 10.244 € | 10.686 € | 10.000 € | По истек на 10 година | / | 10.723 € | 11.179 € | 10.000 € |
| По доспевање на договор | 44.236 € | / | / | 25.000 € | По доспевање на договор | 50.243 € | / | / | 25.000 € |

*Сценаријата за очекуван принос се пресметани согласно Упатство на АСО, при што -2% и 0% се фиксно дефинирани, а третото и четвртото сценарио се пресметуваат по Методологијата пропишана од АСО користејќи го приносот на фондот (или фонд од иста ризична група) во последните 5 години, но не повисок од каматната стапка на последната реализирана 15 годишна државна обврзница издадена од Министерството за финансии на Република Северна Македонија зголемена за еден процентен поен, при што за третото сценарио се користи пондериран принос со претпоставка дека во последните 5 години од времетраење на договорот средствата ќе се префрлат во помалку ризичен фонд, додека во четвртото сценарио се користи претпоставка дека нема префрлање на средствата и инвестирањето во текот на цело времетраење на договорот е во ист фонд.*

### Приноси на отворениот инвестициски фонд Граве Глобал (31.1.2025 г.)

| | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
|---|---|---|---|
| Просечен месечен принос | 1,7708% | 1,5314% | 0,8976% |

* 0,9483% од основање (13.05.2019)

### Приноси на отворениот инвестициски фонд ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО (31.1.2025 г.)

| | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
|---|---|---|---|
| Просечен месечен принос | 0,4437% | 0,5563% | / |

*0.5563% од основање (23.01.2023)

Подетални информации за инвестициските фондови може да најдете и во проспектите на отворен инвестициски фонд ГРАВЕ ГЛОБАЛ: https://www.wvpfondovi.mk/mk/grawe-global/#dokumenti и на отворен инвестициски фонд ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО (Граве Флекс Бонд Евро - WVP Fund Management (wvpfondovi.mk)).

## IV. КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДРУШТВОТО ДА НЕ МОЖЕ ДА ИЗВРШИ ИСПЛАТА?

Средствата на инвестицискиот фонд се одвоени од средствата на Осигурителот и на Друштвото за управување со инвестициски фондови. Осигурителот секогаш ќе биде во можност да изврши исплата на вредноста на уделите по полисите на осигурување имајќи предвид дека во случај на ликвидација или стечај на осигурителот, имотот кој припаѓа на посебната резерва за исплата на надоместоци за осигурување кои се директно поврзани со удели не може да се спроведе извршување ниту тие средства влегуваат во стечајната или ликвидациска маса на осигурителот. Ако избраниот инвестициски фонд престане со работа, ако се спои со друг инвестициски фонд или ако се престане со издавање на удели, осигурителот ќе побара од договарачот на осигурувањето по писмен пат во рок од еден месец по приемот на писменото барање да избере друг инвестициски фонд управуван од истото друштво за управување со инвестициски фондови или од друго друштво. Ако договарачот на осигурувањето не избере нов инвестициски фонд во наведениот рок осигурителот ќе ја пренесе инвестициската сметка на договарачот на осигурувањето во инвестициски фонд со поконзервативна инвестициона стратегија само во рамки на фондовите со кои управува друштвото за управување со инвестициски фондови или на договарачот/осигуреникот да му ја исплати вредноста на инвестициската сметка без наплата на било какви излезни трошоци и враќање на неискористениот дел на премијата за осигурување.

## V. КОИ И КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДОТ?

***Трошоци низ текот на времето:*** Вкупните трошоци поврзани со производот вклучуваат еднократни и повторувачки трошоци. Во овие трошоци се опфатени трошоците за стекнување на осигурување, за управување и административните трошоци, како и трошоци за предвремен прекин на договорот (откуп) и капитализација кои ги наплатува Осигурителот. Во текот на првите 3 години се наплатуваат трошоци за стекнување. Секоја година од уплатената премија се намалуваат фиксни трошоци и трошоци за спроведување на осигурувањето. Разликата меѓу полисираната премија и фиксните трошоци и трошоците за стекнување и спроведување на осигурувањето е еднаква на премијата за вложување со која клиентот стекнува удели во инвестицискиот фонд. Секој месец од инвидуалната сметка се наплатува ризико премија и тековни трошоци за управување (само за капитализирани полиси).

***Расчленување на трошоците:*** Во долунаведената табела прикажани се сите трошоци за осигурителниот производ и значењето на различните категории на трошоци.

| Расчленување на трошоците | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трошоци | Влезни трошоци | Во текот на првите 3 години се наплатува помалиот износ од:<br>• 1,67% од Збирот на премиите или<br>• 60% од годишната премија | Ефект на трошоците што ги плаќате при склучување договор за осигурување. Ова е најголемата сума што ќе ја платите, а може и да платите помалку. Тоа исто така ги вклучува трошоците за дистрибуција на вашиот производ |
| | Излезни трошоци | Излезни трошоци не се наплатуваат за случај на смрт и доживување, единствено се наплаќа:<br>• 3% од вредноста на инвестициската сметка во случај на откуп, односно 0% во последните 3 години од траењето<br>• еднократен надомест од 15% од полисираната годишна премија која нема да се плаќа, но не помалку од 30 евра, во случај на капитализација | Ефект на трошоците што ги плаќате при престанок на осигурувањето после крајниот рок на покритие |
| Повторувачки трошоци | Трансакциски трошоци на инвестициското портфолио | 0,00% | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите во отворените инвестициски фондови |
| | Останати повторувачки трошоци | • трошоци за спроведување на осигурувањето во висина од 4% од годишната премија<br>• фиксни трошоци 20 евра (25 евра за деца) за полиси за кои се плаќа премија<br>• тековни трошоци за управување во висина од 0,3% од осигурениот износ за капитализирани полиси | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со Вашите инвестиции и други трошоци. Ова ги вклучува давачките за управување и другите административни трошоци. |
| Повремени и непредвидени трошоци | Надоместоци за успешност | 0,00% | Ефектот на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност. |
| | Учество во добивка | 0,00% | Ефектот на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност. |

## VI. ОПЦИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ПОСЛЕДИЦИ

***ПРЕПОРАЧАН ПЕРИОД НА ЧУВАЊЕ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПРОИЗВОД Е ДО ИСТЕК НА ДОГОВОРЕНИОТ ПЕРИОД НА ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО!***

Имате право за повлекувањето од договорот за осигурување најдоцна во рок од 30 дена по приемот на известувањето од осигурителот за склучувањето на договорот за осигурување. Во овој случај нема да бидете одговорни за обврските, кои произлегуваат од овој договор за осигурување. Средствата може да ги подигнете преку откуп на полисата, кој може да го направите по истек од најмалку 3 години, ако за тој период премијата е платена во целост. Барањето за откуп може да се достави писмено, а откупот се врши на последниот ден од месецот до кој е платена осигурителната премија. Откупната вредност на осигурителната полиса не соодветствува со износот на платените премии, туку е еднаква на паричната вредност на инвестициската сметка во моментот на откуп, намалена за надоместокот за откуп. Откупната вредност се исплаќа во готово. Откупната вредност на полисата во првите години е значително помала од збирот на уплатените премии, како резултат на влезните трошоци наведени во делот Кои и колкави се трошоците поврзани со производот? Во случај на раскинување на договорот престануваат да важат сите осигурителни покритија.

## VII. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ / ПРИГОВОРИ

Доколку сметате дека Вашите права и интереси во работењето со нас како осигурител се повредени Ве упатуваме недоразбирањето да го решите во директен контакт со Вашиот застапник кој Ве осигурал, а потоа по потреба и директно со вработените во Граве осигурување АД Скопје. Доколку не сте задоволни со одговорот или со предложенотот решение, Ве молиме да се обратите со писмен приговор. Претставка може да се поднесе во писмена форма по пошта на ГРАВЕ осигурување АД Скопје, Пиринска бр.23, 1000 Скопје, по електронски пат на office.skopje@grawe.at или со пополнување на барање на https://www.grawe.mk/kontakt-main/. Право на приговор имате во рок од 14 дена, сметано од денот на кој е примена одлуката. Доколку надлежните во Осигурителот не одлучиле по Вашиот приговор во рок од 30 дена од денот кога е поднесен или е оценето дека Вашиот приговор не е основан, можете да се обратите до АСО со поднесување претставка, во писмена форма, во електронска форма на pretstavki@aso.mk или лично во АСО со изготвување на записник.

## VIII. ОСТАНАТИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации за овој производ и за дистрибутерот Ви се достапни во понудата за осигурување на живот ГРАВЕ ИНВЕСТ и информациите за договарачот на осигурувањето пред склучување на договорот кои се содржани во понудата и другите информации кои осигурителот е должен да му ги достави на договарачот/осигуреникот пред склучување на договорот, како и во Општи услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови (ФЛВ АВБ/2023). Сите документи и информации поврзани со овој производ се достапни на веб страните на Осигурителот и Друштвото за управување со инвестициски фондови, и тоа Опис на производот ГРАВЕ ИНВЕСТ и Документ со клучни информации (https://www.grawe.mk/grave-invest/), Општи услови за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови (ФЛВ АВБ/2023) (Prechisten_tekst_Uslovi_FLV_AVB_2023docx.pdf (grawe.mk)), Проспекти и Скратени Проспекти на фондовите, како и цените на уделите на фондовите (https://www.wvpfondovi.mk). За времетраењето на договорот за осигурување, Осигурителот ќе Ви доставува годишни известувања за износот на Вашето инвестициско портфолио и сите промени во деловната година.

**Документот го прочитав и разбрав**

Име и презиме / Потпис

________________________________